## 3.3. Надворешен долг[9]

*Во мај 2003 година, надворешниот долг забележа месечно зголемување...*

Состојбата на надворешниот долг на Република Македонија по долгорочни кредити на 31.05.2003 година изнесуваше 1.631,2 милиони САД долари и забележа месечно зголемување од 67,5 милиони САД долари. Главна детерминанта на порастот се поголемите повлекувања во однос на отплати во текот на мај и курсните разлики.

*...при што од странските кредитори се повлечени 26,6 милиони САД долари...*

Во текот на мај повлекувањата по веќе одобрени долгорочни кредити изнесуваат 26,6 милиони САД долари. Најголем дел од средствата (25,8 милиони САД долари) се повлечени од официјалните кредитори. Станува збор за првата транша од Stand-by аранжманот склучен со Меѓународниот Монетарен Фонд (IMF) во износ од 5,6 милиони САД долари, повлекувањето од Меѓународното Здружение за развој (IDA) во износ од 17,2 милиони САД долари по кредитот за приспособување на управувањето со јавниот сектор и 0,5 милиони САД долари повлекување од Заемот за глобално финансирање одобрен од Европската Инвестициона Банка (EIB). Повлекувањата од приватните кредитори изнесуваат 0,8 милиони САД долари.

*...а кон странските кредитори се отплатени 10,1 милион САД долари*

Вкупните отплати кон странство по користени долгорочни кредити во мај 2003 година изнесуваат 10,1 милион САД долари. Од нив, отплатите врз основа на главница изнесуваат 8,7 милиони САД долари, а 1,4 милиони САД долари врз основа на камата. Набљудувано по поединечни кредитори, најголем дел, односно 8,1 милион САД долари се отплати кон официјалните кредитори, од кои 5,3 милиони САД долари се плаќања кон ММФ. Извршените плаќања кон приватните кредитори изнесуваат 2,0 милиони САД долари.

Графикон 25
Користени кредити и отплатени обврски
(во милиони САД долари)




Во периодот јануари-мај 2003 година, вкупниот износ на платени обврски кон странските кредитори (86,6 милиони САД долари) го надминува износот на користени кредити (60,7 милиони САД долари).

Новосклучените кредити со странските кредитори во текот на мај 2003 година изнесуваат 21,4 милиони САД долари. Од нив 18,3

[9] Претходни податоци на НБРМ. Податоците се однесуваат на долгот на Република Македонија кон странство врз основа на користени долгорочни кредити.

милиони САД долари потекнуваат од официјалните кредитори. Притоа, најголем дел (17,1 милиони САД долари) се врз основа на новосклучениот Кредит за приспособување на управувањето со јавниот сектор со Меѓународното Здружение за развој (ИДА). Со приватните кредитори се склучени нови долгорочни кредитни аранжмани во износ од 3,1 милион САД долари, главно со странски банки и финансиски институции.